Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 96/0306
18.05 20 23 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 25 април 2023 година, врз основа на примена жалба од Арбнора Мехмети, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

## ЖАЛБАТА СЕ ОТФРЛА КАКО НЕОСНОВАНА

**Комисијата одлучи дека е неоснована жалбата за Фејсбук објавата на главната уредничка на порталот „Пацензуре“ Лиридона Вејсели.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ) на 1 април 2023 година, Арбнора Мехмети поднесе жалба за Фејсбук објавата на главната и одговорна уредничка на порталот „Пацензуре“ Лиридона Вејсели околу случајот со исчезнувањето и пронаоѓањето на две малолетни девојчиња во општината Чаир.

Жалителката смета дека прекршени се членовите 1, 3, 4, 5, 9, 10 и 11 од Кодексот на новинарите.

Во жалбата се истакнува дека лицето кое го уредува порталот „Пацензуре“ е и професор на катедрата за новинарство. Таа, според жалителката, треба да знае дека тоа што го пишува за овие две деца, „...е предрасуда и поттикнување говор на омраза“. Ваквото пишување помага „...само да се зголеми психичкото насилство врз овие деца, што може да испадне многу полошо од бегството од дома“.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледувањето на жалбата, упати допис до уредничката на порталот paCensure.com со кој ѝ даде можност да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

Уредничката на порталот не испрати одговор до Комисијата за жалби.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби едногласно утврди дека жалбата е НЕОСНОВАНА бидејќи се однесува на содржина објавена на личен профил на социјална мрежа, што е вон доменот на одлучување на Комисијата.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата одржана на 25 април 2023 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во спорната содржина.

Согласно Правилникот за работа на Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите, Комисијата ги разгледува и одлучува за жалбите поднесени за содржини објавени во печатените медиуми, радијата, телевизиите и онлајн медиумите или порталите.

Оттаму, Комисијата се прогласи за ненадлежна да ја оценува содржината на објавата на личен профил на социјална мрежа.

Сепак, Комисијата апелира до сите новинари, особено до главните и одговорни уредници на медиумите, имајќи предвид дека нивниот јавен збор има големо влијание во општеството и кај публиката, да бидат внимателни и да ги почитуваат етичките правила и при објавувањето лични објави на социјалните мрежи, да го чуваат угледот и достоинството на својата професија, да ја негуваат културата на говорот и етиката и да не користат непримерна комуникација со јавноста. Тоа особено се однесува на изнесувањето лични мислења и ставови кои се дискриминирачки по разни основи, кои може да поттикнуваат омраза или пак во најлош случај дела предизвикани од омраза.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено..

Во работата на Комисијата учествуваа: Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Снежана Трпевска, Ердем Ахмет и Димитар Мицев.

Со почит,

Совет за етика во медиумите на Македонија　　　Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk　info@semm.mk　(02) 3222-595